# ПРОГРАМА „ФОРУМИ ВО ЗАЕДНИЦАТА“

# ГРАЃАНИТЕ ОДЛУЧУВААТ

## ОПШТИНИ РАДОВИШ И КОНЧЕ

Програма „Форуми во заедницата“
Community Forums Programme
Programi “Forume në bashkësi“

**БИЛТЕН Бр. 1**

**ДЕКЕМВРИ, 2009**



## Што е Меѓуопштински форум?

**Тема** Форумот се одржува на тема важна за сите вклучени општини и од заеднички интерес, која бара меѓуопштинска соработка. Овој тип на Форум е отворен за соседни општини со сличен социоекономски профил .

**Форумски сесии** На првата форумска сесија, граѓаните ќе го определат својот интерес кон темата, а на наредните сесии подлабоко ќе навлезат во неа утврдувајќи конкретни проблеми и предлагајќи решенија. Сесиите се одвиваат на принцип на ротација во секоја од општините, а превозот на учесниците „гости“ до местото каде што се одржува Форумот е обезбедено од страна на општините.

**Работни маси** Учесниците на Форумот се распределени по маси согласно нивниот заеднички интерес за одбраната тема, а не според припадноста кон општината (на пр. претставниците на бизнис-секторот од различните општини седат на иста маса).

**Буџет** Општината ќе учествува во Проектниот фонд, чии средства ќе се трошат локално согласно одлуките донесени на Форумот. Проектниот фонд за секој Форум (секоја општина) се состои од финансиски средства доделени од SDC врз основа на учеството обезбедено од општината.

Средствата кои ги дава SDC и вкупната сума која ја даваат општините заедно го создаваат заедничкиот проектен фонд на Меѓуопштинскиот форум.

**За Форумите** Форумскиот процес е отворен за сите граѓани во општината кои заеднички решаваат определени прашања и работат кон прифатливи решенија со основна цел да го подобрат секојдневниот живот во заедницата.

Дискусиите, особено меѓу мотивирани граѓани, водат кон конкретни резултати и можност да се развијат сопствени проекти во соработка со другите.

Секој заклучок на Форумот е резултат на одлуките што ги донеле самите учесници, а дискусиите се јавни и сите акции што произлегуваат се транспарентни.

Суштината на форумскиот процес е да се развие партиципативно учество, каде учесниците, со директно граѓанско вклучување, ќе може да формираат на почетокот неформални, а потоа и формални партнерства.

Третиот циклус од Втората фаза на Програмата „Форуми во заедницата“ се спроведува во 12 општини – Струмица, Дебар, Берово, Македонски Брод, Аеродром, Боговиње, Крушево, Могила-Новаци, Радовиш-Конче и Гостивар.

Вкупниот буџет за општините Радовиш-Конче изнесува осум милиони денари, од кои два милиони денари се учество на општината, а шест милиони денари донација на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC).

Програмата, во општините Радовиш-Конче, ја спроведува Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), во соработка со општината.

Координатор е Единицата за координација на форумите, а активно е вклучена и Заедницата на единици на локална самоуправа (ЗЕЛС).

# Одржани три форумски сесии во рамки на Програмата „Форуми во заедницата“

## Жителите на Радовиш и Конче за водоснабдување и отпадни води

„Водоснабдување и отпадни води“ е темата на која жителите на Радовиш и Конче ќе дебатираат на седум форумски сесии со цел да го подобрат нивниот секојдневен живот.

## Поделба на „работни маси“

Околу 150 жители на Радовиш и Конче присуствуваа на Првата форумска сесија што на 8 октомври се одржа во ресторанот “Шампиончe“ во Радовиш.

Темата на овој Меѓуопштински форум, што за прв пат се одржува во овие општини, е „Водоснабдување и отпадни води“ и ја претстави претставник на Секторот за локален економски развој (ЛЕР).

Форумот, по презентацијата, ја утврди структурата со формирање на девет работни маси. Тоа се: Бизнис-сектор, Животна средина, Земјоделство, Јавна администрација, Спорт и рекреација, Култура и туризам, Млади, Образование и Здравство. Секоја „работна маса“ ги претставува своите интереси и има еднаква „тежина“.



## Дефинирање на проблемите

Втората форумска сесија, во присуство на 103 жители од двете општини, се одржа на 5 ноември во ресторанот „Шампиончe“ во Радовиш.

Учесниците на Форумот утврдија два главни проблеми – Водоснабдување и Колекторски системи и третман на отпадни води.

По утврдување на проблемите, се формираа две работни групи чии членови се жителите на општините Радовиш и Конче со задача да ги истражуваат овие проблеми и да изработат презентација од истражувањето.

## Утврдување предлог-решенија

Вкупно 97 жители од општините Радовиш и Конче присуствуваа на третата форумска сесија што се одржа на 3 декември во ОУ “Гоце Делчев“ во општина Конче. Учесниците, освен презентациите на работните групи, дискутираа и предлагаа решенија за проблемите утврдени согласно темата.

Се формираа четири работни групи согласно групите на решенија – Недоволна свест при користење на вода, Недостаток на доволна количина квалитетна вода за пиење, Недостаток на колекторски системи за отпадни води и Недоволен капацитет и дотраеност на канализационата мрежа.

## Програмата - придонес за поквалитетно живеење

„Оваа програма е доказ дека кога сакаме можеме заедно да придонесеме за поквалитетно живеење на нашите две општини“, вели **Јане Тодоров**, жител на селото Ракитец, општина Конче. Тој додава дека со задоволство учествува на Форумот со намера да биде активен на сите седум форумски сесии.

„Во моето село Ракитец недостасува квалитетна канализација и водоснабдување, и со мојата група ќе направиме напори да ги убедиме и останатите дека треба да имаме приоритет со издржани предлози и дискусии“, вели Тодоров.



## Водоснабдувањето не е на потребното ниво

„Водоснабдувањето е дел од нормалното живеење кое за жал не е на потребното ниво во мојот град“, оценува **Ирена Митева** од Средношколската унија при СОУ „Коста Сусинов“ во Радовиш.

„Учествував и на првата сесија на овој Форум и понесов позитивни впечатоци. Заедно со моите соученици од Унијата сме активни и нашиот придонес е да го направиме нашиот град многу поубав за живеење“, вели таа.



## Демократски се дебатира за сите предлози

„Ме воодушевува тоа што има голем интерес од страна на општините Радовиш и Конче и дека демократски се дебатира за сите предлози“, изјави **Ангел Радев** од невладиното Здружение на Македонците од егејскиот дел на Македонија.

„Она што посебно ме радува е тоа што политиката како да ја нема, и тоа е за поздравување“, додава Радев.



## За работните групи

Работните групи прават кратко истражување и извештај за моменталната состојба, согласно утврдената листа на проблеми. Тие се состануваат меѓу две форумски сесии, и на наредната сесија пред Форумот ги презентираат резултатите од истражувањето.

## Форумот ја отсликува структурата на заедницата

На Форумот учествуваат сите заинтересирани граѓани со наполнети 16 години. Форумот ја отсликува структурата на заедницата, и подеднакво е отворен за сите граѓани, без разлика на возраста, полот и етничката припадност.

Форумскиот процес во општините Радовиш и Конче опфаќа учество на различни социоекономски структури, претставници на НВО-секторот, на бизнис-секторот, на локалната администрација и други.

# КРАТКИ ВЕСТИ ОД ОПШТИНИТЕ РАДОВИШ И КОНЧЕ

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ГРАДСКИ ПАРК

Во Радовиш, интензивно се работи на поплочување на познатиот „Парк на младите“, што се наоѓа во потесното централно градско подрачје. Со донација од рудникот за бакар „Бучим“, во соработка со ЕЛС „Радовиш“, паркот со површина од 500 метри квадратни ќе добие сосема поинаков лик.

Во него е замислено да има две нивоа односно катчиња, и тоа за најмладите и за повозрасните. Фонтаната ќе има доток на вода во текот на целата година, а планирано е базенот до неа да биде порибен.

Исто така, со овој проект се планира да се засили осветлувањето во вечерните часови со нови канделабри соодветно прилагодени на овој простор.

## РУДНИКОТ ЗА БАКАР „БУЧИМ“ ПРОСЛАВИ 30 ГОДИНИ

Рудникот за бакар „Бучим“, гордоста на жителите на Радовиш, на 27 ноември прослави 30 години од своето постоење.

По неговата втора приватизација во 2005 година од страна на руската фирма „Солве“, рудникот „Бучим“ вработи над 600 рудари, а исто толку семејства егзистираат од работата во рудникот. И покрај економската криза, рудникот работи солидно, а на 15 септември компанијата ја усвои програмата за наредни ископини што ќе му го „продолжат животот“ за наредните 20 години.



## ОТКУПОТ НА ТУТУН ЗАПОЧНА НАВРЕМЕ

Радовиш и Конче, освен по бакарот и златото, надалеку се познати и по „жолтото злато“ – тутунот. Земјоделците годинава откупот го почнаа навреме на 1 декември, а откупот се одвиваше на седум откупни пунктови.

Годината беше исклучително поволна за тутунот поради што земјоделците очекуваат големи приходи при што се надеваат и на субвенциите од страна на македонската Влада, која годинава за оваа реколта вети 1 евро по килограм тутун.

Подготовка на текстови: Единица за координација на форумите во соработка со лицето за односи со јавност на локално ниво Горги Видов.
При подготовка на Билтенот се користени материјали од Оперативната група Радовиш-Конче и МЦМС.

Дизајн и печат: Репринт
Тираж: 700 примероци
Лектура: Вермилион

Програмата е финансирана од:

Schweizeriche Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Federal Department of Foreign Affairs FDFA
**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

Општина Радовиш

Општина Конче

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС